НИЗ СВЕТОТО ПИСМО со ДР. Џ. ВЕРНОН МЕКГИ

КНИГА: Послание до Ефесјаните

БИБЛИСКИ ТЕКСТ: Ефесјаните 2:14-3 Вовед

ПРОГРАМА: #4669

Драги пријатели, денес ќе ја завршиме обработката на втората глава од посланието до Ефесјаните. Во стих 17 пишува дека кога Господ Исус Христос дојде на овој свет, Тој ни донесе мир. Тоа се однесува на поврзаноста помеѓу Евреите и неевреите. Ќе се сетите дека во овој дел од посланието, апостолот Павле пишува за тоа како неевреите немаа удел во благословите и ветувањата кои Израел ги доби во Стариот Завет. Но, со доаѓањето на Христос, и неевреите добија можност да општат со Бог и да ги доживеат сите благослови кои произлегуваат од тој меѓусебен однос. Христос е Тој кој го сруши ѕидот помеѓу Евреите и неевреите, и на сите им даде иста можност за помирување со Бог.

Со Неговата жртва, Господ Исус им даде можност на Евреите и неевреите да бидат дел од едно тело, односно од Црквата. Христос е подготвен да ве прими во тоа тело доколку дојдете кај Него со покајание во вашето срце. Затоа пораката на Евангелието е: „помирете се со Бог“ (2 Коринтјаните 5:20); и ако го направите тоа, вие ќе станете дел од Христовото тело, кое е составено од луѓе кои се различни едни од други по многу основи: Евреи и неевреи, луѓе со бела и со темна боја на кожата, луѓе со високо образование и луѓе кои не се образовани, и сл. Без разлика какви се, ако се во Христос, луѓето се дел од Неговиот народ - Црквата.

Главниот нагласок на овој дел од писмото е на личноста на Господ Исус Христос. Тој не само што донесе мир преку крстот, туку оние кои веруваат во Него добиваат нова природа и живеат нов живот. Павле прво дава јасен контраст помеѓу Евреите и неевреите, и потоа тврди дека сите клучни разлики се премостени преку Христос.

Во Стариот Завет читаме дека Бог ги одвои Евреите од останатите народи, но тоа резултираше со духовна гордост кај Евреите. Тоа е една од главните причини зошто не можеа да ги поднесат другите народи. Но, кога Евреите и неевреите се под авторитетот на Христос, помеѓу нив има мир кој доаѓа од Бог. Самото постоење на Црквата значи дека веќе не се важни разликите помеѓу народите, туку секој кој верува е дел од Божјиот народ. Во 1 Коринтјаните 10:32 Павле пишува: „Не станувајте соблазна ни за Јудејците, ни за Елините, ниту за црквата Божја“.

Слушнете што рекол Јован Златоуст во однос на оваа тема. Мислам дека многу добро го доловил тоа што се случи преку жртвата на Господ Исус Христос. Ќе ги цитирам неговите зборови: „Ова не значи дека Бог нè постави на сосема исто ниво како Евреите, туку и нам и нив нè постави на едно ниво повисоко… Ќе ви дадам илустрација за да го објаснам тоа. Замислете дека има две статуи, една од злато, а друга од олово. Замислете двете статуи да се претопат, и одеднаш од нив да излезе злато. Токму тоа е она кое Бог го направи со Евреите и нееврејте кога ги постави да бидат дел од Црквата.“

Патем, тука мораме да бидеме многу внимателни, бидејќи некои луѓе ја злоупотребуваат идејата дека Евреите и нееврејте се дел од Божјиот народ. Злоупотребата се состои во тоа што тврдат дека Бог е Татко на сите луѓе, и дека сите луѓе се браќа. Според Библијата тоа учење е ерес. Јас верувам во братството на оние кои се во Христос, а не во братството на сите луѓе. Не може некој кој го одрекува Христос да биде мој брат. Тоа е просто невозможно и не можам да го прифатам како вистина. Само оние кои се во Христос и Го следат Неговиот пат се мои браќа и сестри. Тоа е Црквата - институција составена од различни луѓе, но луѓе кои се спасени и откупени според Божјата благодат.

Што се однесува до Евреите и нивната позиција, тие навистина беа избрани како Божји народ во Стариот Завет. Но, да не заборавиме дека и тие беа и се грешници бидејќи се потомци на Адам. Слушнете што вели апостолот Павле во Римјаните 3:9: „Па дали имаме некакво предимство? Ни најмалку, зашто веќе ги обвинивме, како Јудејците така и Елините, дека се сите под грев“. Таа е духовната состојба на сите луѓе. Но, кога ќе дојдат кај Христос, и Евреите и нееврејте добиваат нова природа, тие го добиваат спасението и стануваат храм на Светиот Дух.

Старозаветниот храм, на кој му претходеше шаторот што го користеа Израелците, беше поделен на неколку делови. Храмот, заедно со неговиот двор имаа три влезови. Првиот влез водеше кон дворот, вториот кон храмот, а третиот кон Светињата над светињите. Во дворот имаше посебни делови каде што можеа да престојуваат мажите, жените и нееврејте. На народот во тој период му требаа посредници, а таа улога ја вршеа свештениците. Кога Христос умре на крстот, се расцепи завесата која го попречуваше влезот во Светињата над светињите, и со тоа Бог ја отстрани потребата за човек посредник. Христос е нашиот посредник пред Отецот, и Тој е сè што ни треба.

Стих 18.

Зашто преку него и едните и другите имаме пристап кај Отецот во еден Дух. (Ефесјаните 2:18)

Ова е еден од стиховите во Новиот Завет каде се сретнуваме со Светото Тројство. Павле вели: „преку Него“ - тоа се однесува на Синот, и „едните и другите имаме пристап кај Отецот“ - тоа е Бог Отецот; „во еден Дух“ - тоа е Светиот Дух. Како што можете да забележите, во Божјите очи и Евреите и неевреите се грешници, но и едните и другите имаат можност за спасение преку Господ Исус Христос. Тоа е навистина голема привилегија! Во глава 5 од посланието до Римјаните, Павле пишува на оваа тема и општењето со Бог го набројува како еден од благодетите кои се добиваат преку вера.

Најголемата привилегија за една личност е да има општење со Бог и да пребива во Божјото присуство. Господ Исус Христос со Неговата жртва ни овозможи пристап до Отецот. И најинтересно е тоа што сите луѓе имаат ист пристап до Бог. Не е важно дали сте водач на црква, пастор, проповедник, обичен верник или самиот папа - сите ние можеме да дојдеме кај Бог и да општиме со Него; сите можеме да Му се молиме, сите можеме да Го славиме.

Тоа е една од причините зошто често барам од луѓето да се молат за мене. Низ годините некои луѓе ме прашуваа: „Зошто бараш од сите да се молат за тебе?“ Мојот одговор отсекогаш бил следниот: „Бидејќи верувам дека секој верник има пристап до Бог. Јас верувам во свештенството на сите верници,ж - дека сите ние можеме да Му се молиме, и Тој ги слуша нашите молитви.“ Тоа е голема привилегија за нас.

Ќе ги прочитам следните два стиха од втората глава. Слушнете што им вели апостолот Павле на христијаните во Ефес. Оваа порака има примена и за нас денес.

> **И така, вие веќе не сте туѓи и придојдени, туку сте им сожители на светиите и членови на Божјото семејство, зашто се утврдивте на темелите поставени од апостолите и пророците, имајќи Го како камен темелник Самиот Исус Христос (Ефесјаните 2:19-20)**

Павле ги потсетува неевреите дека иако порано беа туѓинци и придојдени, односно далеку од Бог, нивната моментална состојба е многу подобра. Тие не се веќе туѓинци и придојденици, туку сожители на светиите и членови на Божјото семејство.

Инаку, зборот „светии“ не се однесува на старозаветните светии, туку на новозаветните светии, на останатите христијани кои се членови на Христовото тело. Сите христијани се дел од едно тело, односно членови на Божјото семејство. Ние сме Божји деца. Слушнете како Јован им се обраќа на христијаните: „Ви пишувам, чеда, дека заради Неговото име ви се простени гревовите.“ (1 Јован 2:12). Во Стариот Завет, Бог го нарече Давид

„слуга“ (2 Самоилова 7:8), а го нарече и Мојсеј „Свој слуга“ (Броеви 12:7). А во Новиот Завет, Бог нè нарекува светии.

Христијаните не се жители на Израел, или пак на земниот Ерусалим, туку небесни жители. „А нашето жителство е на небесата, од каде што Го очекуваме и Спасителот, нашиот Господ Исус Христос.“ (Филипјаните 3:20). Христијаните се сожители на небото. Павле вели дека ние сме утврдени на темелите кои беа поставени од пророците и апостолите. Тоа е навистина прекрасно. Имаме привилегија да бидеме дел од нешто кое Бог го градел преку Неговите слуги.

Сакам да напоменам нешто во однос на овој дел од стихот. Тоа не значи дека апостолите и пророците се темелот на нашата вера. Тие само го поставија темелот, кој е Христос. Пример, со проповедта на празникот Педесетница, апостол Петар го постави темелот на христијанската вера. Како резултат на тоа, во Дела 2:42 пишува: „И беа истрајни во учењето на апостолите, во заедничкиот живот, во прекршувањето на лебот и во молитвите.“

На кого мисли Павле кога пишува дека христијаните се утврдени на темелите поставени од пророците? Дали тоа се однесува на старозаветните, или новозаветните пророци? Мое лично мислење е дека станува збор за новозаветните пророци, бидејќи Павле ги спомнува во иста реченица со апостолите.

Христос е камен темелник на Божјиот храм кој е наречен Црква. Тоа е уште една потврда дека Христос е карпата врз која е изградена Црквата. Павле тоа многу добро го објаснува во 1 Коринтјаните 3:11: „Зашто никој не може да постави друга основа, освен положената, а таа е Исус Христос.“. Слушнете што напишал и Петар: „Зашто во Писмото стои напишано: „Еве, на Сион поставувам камен темелник, одбран и скапоцен; и кој верува во Него, нема да се посрами!“ Вам, пак, кои верувате, Тој ви е чест, а за неверниците – „Каменот што го отфрлија ѕидарите, стана камен темелник“, камен од кој тие се сопнуваат и камен на кој паѓаат, зашто не му се покоруваат на словото; за тоа се тие и одредени.“ (1 Петар 2:6-8)

Најважното нешто во зборовите на Петар е тоа што вели дека Господ Исус Христос е каменот темелник. Тој е Карпата врз која е изградена Црквата. Петар многу добро знаеше што кажа Исус кога рече: „А Јас тебе ти велам: ти си Петар и на овој камен ќе ја изградам црквата Своја, и вратите на пеколот нема да ја надвладеат.“ (Матеј 16:18). Кој е каменот за кој зборува Исус во овој стих? Самиот Тој! Тој е Оној врз кого е изградена Црквата. Апостолите и пророците го поставија темелот преку своите учења, а темелот е Христос.

Стихови 21 и 22:

Врз Кого целата зграда, стројно зглобена, прераснува во свет храм на Господ; врз Кого и вие ќе се сосидате во живеалиште Божјо преку Духот. (Ефесјаните 2:21-22)

Во овие стихови продолжува споредбата на Црквата со старозаветниот храм. Идејата на апостолот Павле е следна: секој верник е како камен, кој има важно место и удел во целата структура на храмот, односно Црквата. Во 1 Петар 2:5 пишува: „Вие кои како живи камења сте вградени во духовен дом, свештенство свето, за да принесете духовни жртви кои Му се на Бога пријатни преку Исус Христос.“

Павле ја споредува Црквата со еврејскиот храм, кој моментално е во рушевини и еден ден повторно ќе биде направен. Но, интересно е тоа што во времето на Павле, т.н. Иродов храм сè уште не беше завршен со изградба. Како што во тоа време храмот сè уште беше во изградба, така и Светиот Дух сè уште ја гради Црквата, и ќе биде завршена еден ден кога Христос ќе се врати по неа.

Црквата како Божји храм постојано расте и Светиот Дух работи на нејзината изградба. Таа е составена од луѓе кои биле духовно мртви во нивните гревови и престапи. Бог им даде живот во Христос и сега тие растат и оформуваат еден жив храм во кој пребива Божјата слава. Како што храмот на Соломон беше изграден без да се слушне звук од чекан во Ерусалим, така и Светиот Дух тивко го гради храмот преку обнова на грешниците. „Зашто преку еден Дух сме крстени сите во едно тело – било Јудејци или Елини, било робови или слободни; и сите сме со еден Дух напоени.“ (1 Коринтјаните 12:13).

Тој храм е наречен Светилиште. Причината зошто Црквата е света е фактот што Светиот Дух живее во верниците. Секој што верува во Христос и Го следи Неговиот пат, Го има Светиот Дух. „Вие живеете не по тело, туку по Дух, само тогаш ако Духот Божји живее во вас. Ако, пак, некој нема Дух Христов, тој не е Негов.“ (Римјаните 8:9).

Христијаните се живеалиштето на Светиот Дух. Тој пребива во нив. Кога верниците се собираат за богослужба во некој храм, Светиот Дух е присутен во, и помеѓу нив. Затоа може да се каже дека Бог е во тоа место. Но, кога тие си одат дома, зградата е празна. Бог не живее во црковни згради, туку во луѓето. Всушност, дури и во Стариот Завет Бог не живееше во храмот кој му го изгради Соломон. Слушнете што рече царот Соломон: „Но зар Бог ќе сака да живее на земјата! Небото и небото на небесата не се доволни да Те соберат, а уште помалку овој храм што сум го изградил јас“ (1 Цареви 8:27). Идејата дека Бог престојува во храмови изградени од луѓе е паганска.

Целта на Црквата како Божји храм е да ги објавува Божјото присуство и Божјата слава на земјата. Кога верниците се собираат заедно за да Го слават Бог, да Му се молат и да ја читаат Библијата, Божјото присуство треба да е очигледно на тоа место. Светот треба да може да Го пронајде Бог за време на црковната богослужба. Но, дали е така? Не сакам да критикувам, но за жал во голем број од локалните цркви не можете да го најдете Бог за време на неделната богослужба.

Со тоа доаѓаме до глава 3 каде Црквата е претставена како тајна. Ова е последната глава од посланието која е доктринална по природа. Од глава 4, апостолот Павле почнува да пишува за практичниот аспект на христијанскиот живот. Но, да се вратиме на глава 3. Во првите четири стихови, Павле ја објаснува тајната. Во стиховите 5 до 13 дава дефиниција за тајната, а во стиховите 14 до 21 имаме уште една молитва во која Павле бара христијаните во Ефес да се исполнат со сила и знаење.

На што мисли Павле кога пишува дека Црквата е тајна? Ќе ви го дадам моето мислење. Според мене, кога Павле вели дека Црквата е тајна, тој сака да каже дека Црквата не ја наоѓаме во Стариот Завет, туку како Божја идеја и замисла ни е откриена во Новиот Завет. Во еден од англиските преводи на Библијата, наместо зборот тајна се користи фразата божествена тајна, и тоа ми се допаѓа повеќе. Црквата беше дел од Божјите замисли и планови уште пред почетокот на светот, но со доаѓањето на Господ Исус Христос на овој свет, таа Божја тајна стана јавна.

Кога станува збор за Црквата како тајна, има две групи на луѓе кои со нивните сфаќања одат во крајности кои не се библиски. Првата се оние луѓе кои сметаат дека Црквата е продолжение на Израел, и таквите тврдат дека сите ветувања кои Бог му ги даде на Израел се однесуваат и за Црквата. Таквиот став е познат како заветна теологија.

Другата група на луѓе одат во поинаква крајност и ставаат непотребен нагласок на Павловите зборови во Ефесјаните 3:3 каде пишува: „..преку откровение Бог ми ја соопшти тајната, како што и погоре ви напишав накратко.“ Оваа втора група тврди дека во одредена смисла, Црквата како тајна е разоткриена и започнува преку учењата и делото на апостолот Павле.

Мислам дека и едната и другата група одат во крајности кои немаат библиска поткрепа. Вистина е дека во Стариот Завет има стихови каде Бог најавува дека ќе ги привлече кон Себе народите, но тоа не значи дека сите ветувања дадени на Израел важат и за Црквата. Вистина е дека во Новиот Завет за време на празникот Педесетница, Светиот Дух направи нешто необично, но тоа не значи дека Црквата е тајна која се откри само преку учењата на апостолите, или конкретно преку учењето на апостолот Павле.

Причината зошто ги спомнувам овие учења е за да ве предупредам од истите.

Следниот пат ќе започнеме со обработка на глава 3. Дотогаш, Бог нека ве благослови.